# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ


| | | |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 37 | 29.04.2020 год. |


**ЈЕГУНОВЦЕ, АПРИЛ 2020**

1.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на финансискиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2020 г.

**Се прогласува** Заклучокот за усвојување на финансискиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2020 г., што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 28.04 .2020 г.

Бр. 09- 542/1
29.04.2020 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце на триесетиседмата седница одржана на ден 28.04.2020 год. донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2020 г.**

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2020 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-541/3
28.04.2020 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалнаа самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/02), Согласно член 118 став 5 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ бр.161/2019), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 23.03.2020 год., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување од функцијата вршител на должност директор на ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево**

1. **Селман Алити** се разрешува од функцијата вршител на должност директор на ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево заклучно со 22.03.2020 год., поради истек на мандат за кој беше именуван.

2. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението од Градоначалникот на Општина Јегуновце за именување вршител на должност директор бр.09-1325/2 од 25.09.2019 г.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

**О б р а з л о ж е н и е**

Селман Алити со Решение на Градоначалникот на Општина Јегуновце бр.09-1325/2 од 25.09.2019 г. беше именуван за вршител на должност директор на ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево со мандат од 4 години.

На Селман Алити директор на ООУ„Шемшево„ од с.Шемшево му престанува функцијата вршител на должност директор заклучно со 22.03.2020 г., поради истекот на мандатот за кој беше именуван.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка и посапка од работен однос во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалнаа самоуправа ("Сл.весник на РМ,, бр.5/02), а согласно член 118 став 1 и 4 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ,, бр.161/2019), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 23.03.2020 год., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување вршител на должност Директор во ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево**

1. **Бурхан Ејупи** вработен во ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево на неопределено време на работно место наставник по албански јазик и литература се именува за вршител на должност директор во ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево.
2. Вршителот на должноста од точка 1 на ова Решение ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 23.03.2020 г. до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе му мирува.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 23.03.2020 год., а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

**О б р а з л о ж е н и е**

Од редот на вработените во ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево, Бурхан Ејупи вработен на неопределено време во истото основно училиште на работно место наставник по албански јазик и литература се именува за вршител на должност директор на ООУ„Шемшево„ од с.Шемшево.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 23.03.2020 год. до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе му мирува.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 23.03.2020 год.

**Правна поука:** Незадоволната страна во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение има право на жалба во однос на именувањето вршител на должност директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

**Страна**

1. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетотот на Општина Јегуновце за I квартал за 2020 г. ........................................................................................ 1

2. Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетотот на Општина Јегуновце за I квартал за 2020 г. ................................ 2

3.Решение за разрешување од функцијата вршител на должност директор на ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево..................................................3

4. Решение за именување вршител на должност Директор во ООУ „Шемшево„ од с.Шемшево.........................................................................4